**ЗАПИСНИК**

***Од Деветата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 12 јуни 2012 година, сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија***

Деветата седница на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10.30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Анита Поповска претставник од Министерството за финансии и координатор за Претпристапна економска програма и претставници од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија: г-ѓа Марина Курте советник за европска интеграција и правни прашања, г-ѓа Ружица Андроникова, г-ѓа Катерина Кус-Иванова и г. Андреј Бартосиевич советници од Сектор за економија и финансии.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г.Талат Џафери, г.Тито Петковски, г.Антонио Милошоски, г.Кенан Хасипи пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г.Миле Пачемски и г. Сафет Бишевац пратеници и заменици-членови на Советот, г.Слободан Антовски претставник од Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија, г-ѓа Тања Хефнер Адеми претставник од Граѓанската платформа на Македонија и г.Трајче Минов претставник од Евангелско-Методистичка црква во Македонија. На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

- *Усвојување на записникот од Седмата седница одржана на 14 март 2012 година*
- *Усвојување на записникот од Осмата седница одржана на 3 мај 2012 година*

1. **Претпристапна економска програма 2012-2014;**
2. **Предлог-заклучоци од јавната расправа по Предлог-Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017 година, одржана на 27 февруари 2012 година;**
3. **Предлог-заклучоци од јавната расправа по работниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина, одржана на 13 март 2012 година и**
4. **Извештај за работата на Националниот совет за евроинтеграции за периодот 1 септември 2011 до 31 декември 2011 година.**

Записниците од Седмата седница одржана на 14 март 2012 година и Осмата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 3 мај 2012 година беа усвоени едногласно, без забелешки.

**ТОЧКА 1: Претпристапна економска програма (2012-2014)**

Претпристапната економска програма за периодот 2012-2014 година беше презентирана од страна на г-ѓа Анита Поповска претставник од Министерството за финансии. Подготовката на Претпристапна економска програма е обврска што Република Македонија ја има преземено уште од 2005 година, кога ѝ беше доделен статус на земја-кандидат за членство во Европската унија. Претпристапната економска програма е подготовка на земјите-кандидати за понатамошна координација на економската политика, а воедно е и претходник на програмите за конвергенција кои земјите-членки ги подготвуваат во рамките на Пактот за стабилност. Основната цел на Претпристапната економска програма е да се стави акцент на исполнување на економските критериуми за членство во Унијата, но воедно и да се развие аналитичкиот капацитет на администрацијата.Од страна на г-ѓа Поповска беше истакнато дека е добро кога ќе се подготвува следната Претпристапна економска програма, Националниот совет за евроинтеграции да учествува во фазата пред нејзиното донесување, со цел предлозите, забелешките и коментарите по нацрт-верзијата да имаат поголемо значење и позитивно да влијаат на подобрување на финалниот текст на програмата.

Во расправата на седницата, со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции; г.Антонио Милошоски член на Советот и претседател на Комисијата за надворешна политика, г.Кенан Хасипи член на Советот и копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, г.Тито Петковски член на Советот и г-ѓа Тања Хафнер Адеми претставник на Граѓанската платформа на Македонија.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска** истакна дека целта на одржувањето на седницата беше да се започне со дискусија за Претпристапната економска програма, иако документот кој го опфаќа перидот 2012-2014 година веќе е усвоен и неможе да се влијае на текстот. Госпоѓа Шекеринска се согласи со предлогот на претставникот на Министерството за финансии, дека е добро во иднина претпристапната економска програма да се разгледува во нејзината работна верзија.

Претпристапната економска програма претставува многу важен документ, но често поминува во сенка на другите документи. Во дискусијата беше укажано на неколку работи кои г-ѓа Шекеринска ги оцени како проблем во македонската економија. Во Претпристапна економска програма 2012-2014 во делот што се однесува на пазарот на труд, од аспект на типот на вработени и работни места кои се отворени во изминатиот период, наведени се бројки кои беа оценети како алармантни и загрижувачки. Во поглед на структурата на вработени во Република Македонија, од 2009 година до денес, на располагање се ограничен дел на податоци. Во 2009 година 515.000 луѓе работеле во приватниот сектор и истите финансирале околу 115.000 луѓе од државна администрација, што претставува сооднос 4,5:1. На крајот на третиот квартал од 2012 година, 482.000 луѓе од приватниот сектор треба да финансираат 165.000 луѓе од администрацијата, соодносот е намален на 3:1. Кога ќе се споредат податоците на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за тековната година може да се согледа дека се плаќаат придонеси за 413.000 лица вработени во приватниот

сектор, што значи дека соодносот уште повеќе е влошен, практично 1 или 2 луѓе од приватниот сектор треба да плаќаат за еден вработен во државната служба. Ваквиот тренд не е одржлив и покажува зошто неможе да се реши проблемот со невработеноста во државата.

Во дискусијата г-ѓа Шекеринска се осврна на финансирањето на буџетскиот дефицит при што укажа на големо отстапување во однос на минатата година. Имено, за 2011 година државата за да го финансира отстапувањето се задолжила 5 милиони евра, додека за последната година планирани се 65 милионии евра. Последните податоци укажуваат дека државата на домашниот пазар оваа година се задолжила 150 милион евра од домашни извори на кредитирање и тие пари наместо да се насочуваат кон приватниот сектор повторно се насочуваат за финансирање на буџетскиот дефицит. Беше дадена препорака за поголема претпазливост. Доколку се анализираат податоците за индустријата, забележано е опаѓање во последните 8 месеци. Според прогнозата на Претпристапната економска програма за 2012 година се очекува индустријата во текот на годината да се поврати, иако е констатиран пад на индустриското општество кој е резултат на негативните движења во секторот на преработувачката индустрија. Беше изнесено дека на долг рок не е возможно да се опстане од трговија и од државен сектор.

Беше дадена препорака во иднина во претпристапната економска програма да се стави поголем акцент на конкурентноста на македонската економијата. Поразителен е фактот што на рангирањето на конкурентноста на државите од регионот, државата стои на дното. Образованието, инфраструктура и енергетиката се области за кои добиваме најлоши оценки. Прашањето за гасификација се споменува во Претпристапната економска програма, но состојбата е иста како и пред пет години.

Беше дадена сугестија во претпристапната економска програма за наредната година, во однос на реализацијата на средствата, да се наведат изворите и висината на трошоците. Беше даден пример со анексите од хрватските претпристапни економски програми во периодот пред започнување на пристапните преговори со ЕУ. За секоја политика за која се превземале обврски имало наведено конкретни податоци колку средства ќе можат да бидат потрошени. Во ова насока беше изнесено дека за еден дел од структурните реформи во државата потребни се големи средства, и поради тоа треба да се обезбеди планирање и проценка на финансиските средства за следните години.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции г.Антонио Милошоски** искажа благодарност до претставникот на Министерството за финансии за добрата презентација на Претпристапната економска програма, при што оцени дека во документот се опфатени сите суштински параметри за економските текови, планови и развој на македонското стопанство. Беше изнесено мислење дека дискусијата за Претпристапната економска програма е задоцнета, односно за документот требало да се дебатира на почетокот од тековната година со цел да се даде конструктивен придонес и суштинска дебата. Господинот Милошоски истакна дека состојбите во економијата се мерат според неколку параметри: БДП во Република Македонија во последните 4 години е во пораст; странските директни инвестиции кои во перодот 2007-2011 изнесувале една милијарда и 513.000 милиони евра; невработеноста во 2012 година изнесувала 276.000 невработени и истата е намалена за разлика од периодот до 2006 година кога изнесувала 358.000 невработени, процентот и нивото на задолженост се намалени и во 2012 година изнесува 26,8% од БДП, што означува поголема одговорност кон Буџетот, идните генераци и стопанството. Даночната политика што се спроведува ја подобрува климата за дејствување на приватните субјекти и претпријатијата во државата, значително е зголемено нивото на девизни резерви, подобрени

се макроекономските политики, зголемен е извозот на производи и стоки од Република Македонија.

Во дискусијата г.Милошоски се осврна на извештаите на релевантните меѓународни институции, посочувајќи на примерот од Извештајот на Европската комисија каде е нотиран значителен напредок во областа на монетарната политика, како и "Doing Business" на Светската банка каде Република Македонија во 2012 година е рангирана на 22 место, што претставува скок од 60 места во период од 6 години. Во однос на Претпристапната економска програма беше поздравено дека и за 2011 и 2012 година кај определените сектори посветено е внимание и се определени конкретни буџетски средства за спроведување на политиките, кои во добра координација со средствата од европските фондови може да се очекува да допринесат за зголемување на продуктивноста и подобрување на сите секторски политики.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции г.Кенан Хасипи** го поздрави разгледувањето на Претпристапната економска програма при што сугерираше во иднина да се разгледува работната верзија на документот за да може да се влијае на неговата содржина. Позитивно беше оценето што редовно во изминатите години се подготвуваат вакви документи и се доставуваат за да се обезбеди фискалниот надзор од страна на Европската комисија. Беше сугерирано во работната верзија на следната претпристапна економска програма, да се достават и компаративни анализи со економските состојби за земјите-ченки на ЕУ. Ова од причина што Република Македонија неможе да биде исклучок во ситуација кога имаме над 60% трговска размена со членките ЕУ, а тоа да не се рефлектира врз домашната економија. Негативните ефекти од должничката криза во Унијата неможат да се спречат, треба да се применуваат мерки за да се амортизираат ефектите што е можно повеќе.

Во дискусијата г. Хасипи се осврна на буџетскиот дефицит на Република Македонија кој е релативно низок во споредба со голем број на земји-членки на ЕУ. Беше укажано дека Република Македонија треба да продолжи да работи на проблемот со невработеноста бидејќи во ЕУ невработеноста е 10%, а во Република Македонија е три пати поголем. Треба да се направат валидни среднорочни показатели за економските состојби во државата, имајки во предвид дека има многу кризи во нашето непосредно опкружување и тоа се рефлектира врз економијата на државата. Бруто домашниот производ се движи во рамките на -2,5%, доколку продолжи должничката криза во ЕУ и доколу се намали стапката на раст од ¼ во 2012-2014 година, алтернативното сценарио е дека дефицитот би изнесувал од -2,7 до -2,9%. Надворешниот јавен долг како процент од БДП, во 2011 година изнесува 26,3%, заедно со внатрешниот јавен долг како вкупен долг изнесува 37,5% што сепак е мал во услови на светска економска криза и европска должничка криза. Господин Хасипи изнесе дека состојбата сепак е добра во споредба со ситуациите кај земјите-членки на Унијата.

Во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции г.Хасипи укажа дека одлуките на седниците на Советот се донесуваа со консензус. Советот е еден од клучните играчи во патот на евроинтеграциите и поради тоа добро е во рамките на Советот да се постигне максимална усогласеност и внатрешна кохезија.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции г.Тито Петковски** укажа дека при формирањето на Националниот совет за евроинтеграции, идејата била да се концентрира и ангажира секаков вид на знаење на целокупниот општествен потенцијал. Беше изразено жалење што на Советот доминираат дебатите меѓу претставниците на политичките партии. Во оваа насока беше укажано за поголемо вклучување во дебатите на претставниците од

стопанските комори и синдикатите. Според г.Петковски, има реални причини за поголема претпазливост за економските состојби, да се прават реални проекции. Реформите во економијата заслужуваат поддршка, но имплементацијата е најголем проблем. Во поглед на странските инвестиции, потребно е да се дадат информации колку средства се издвојуваат од буџетот за привлекување и присуство на странски инвеститори во државата.

Беше изнесено дека земјите-членки на ЕУ ги корегираат своите параметри и проекции за економскиот развој и во фискалната сфера, не е јасно зошто тоа неможе да се изврши и кај нас. Беше даден примерот со Германија, каде се донесе одлука за сериозно намалување на вработените во јавниот сектор. Корисно е да се укаже на штетните страни на македонската економија, за во иднина да може да се интервенира. Сите сугестии треба да се примат добронамерно, бидејќи не се во насока на политичка дискредитација, туку за обврска на политичките партии во Собранието на Република Македонија да се укаже на лоша политика.

**Претставникот на Граѓанската платформа на Македонија г-ѓа Тања Хафнер Адеми,** во однос на Претпристапната економска програма 2012-2014 укажа дека во еден дел на документот има листа на засегнати страни и институции што ќе бидат консултирани. Бидејќи документот е финален, би требало да стои дека одредени заинтересирани страни биле консултирани за програмата. Во граѓанскиот сектор сепак постојат организации кои работат во одделни области од економската програма. Бидејќи документот е суштински, државните институции треба да го искористат и потенцијалот на граѓанскиот сектор со цел преку консултации да се обезбеди придонес во идната претпристапна економска програма.

Претставникот од Министерството за финансии и координатор за Претпристапната економска програма г-ѓа Анита Поповска се заблагодари на изнесените коментари и информираше дека истите ќе бидат разгледани при подготовката на следната програма. Беа дадени дополнителни појаснувања: претпристапната економска програма се изготвува врз основа на претходно утврдени насоки од Европската комисија, за секој дел од програмата претходно е дадена структурата. Европската комисија сугерира во делот од структурните реформи да не се опфаќаат инфраструктурните проекти (патна структура, аеродроми, здравствена и патна инфраструктура). Во програмата согласно сугестијата на ЕК, се опфатени т.н."soft measures" проекти кои се дел од агендата на структурните реформи. Пред да се усвои, претпристапната економска програма била доставена на мислење до 55 институции, организации, приватен сектор, при што од сите било добиено позитивно мислење. Во најновиот извештај на ММФ, се сугерира дека Владата треба да биде особено претпазлива кога го обезбедува финансирањето на дефицитот, од надворешни или внатрешни извори. Владата и Министерството за финансии досега покажаа дека секогаш се одлучуваат за најевтини и најповолни кредити за финансирање на буџетот. Сугестијата на ММФ е дека треба да се изврши проширување на домашниот пазар на хартии од вредност, да почнат да се издаваат хартии од вредност со поголем рок на траење.

Националниот совет за евроинтеграции заклучи дека ќе ја разгледа работната верзија на Претпристапната економска програма за периодот 2013-2015. Советот упати сугестија до Министерството за финансии, за стратешките документи како што е и Претпристапната економска програма, освен што се бараат писмени мислења од заинтересираните страни, да се примени праксата на Светска банка и Европската банка за обнова и развој, преку веб-страницата на министерството текстот на документот да биде на располагање на пошироката јавност.

**ТОЧКА 2: Предлог-заклучоци од јавната расправа по Предлог-Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017 година, одржана на 27 февруари 2012 година**

Националниот совет со консензус ги усвои заклучоците од јавната расправа по Предлог-Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017 година што беше одржана на 27 февруари 2012 година.

**ТОЧКА 3: Предлог-заклучоци од јавната расправа по работниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина, одржана на 13 март 2012 година**

Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги усвои заклучоците од јавната расправа по работниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина што беше одржана на 13 март 2012 година.

**ТОЧКА 4: Извештај за работата на Советот за периодот од 1 септември 2011 до 31 декември 2011 година.**

Извештајот претставува IV извештај на Националниот совет за евроинтеграции и истиот се однесува на работата на Советот за периодот од 01 септември до 31 декември 2011 година.

Врз основа на податоците од Извештајот во однос на присуство на членовите на седниците на Националниот совет за евроинтеграции, беше сугерирано да се направат консултации со кабинетот на претседателот на Владата, за да се обезбеди редовно присуство на членот на кабинетот, заради функционалност на работата на Советот.

Членот на Националниот совет за евроинтеграции г.Кенан Хасипи, го постави следното прашање - со оглед дека не се пополнети сите работни места во Секторот за поддршка на НСЕИ согласно актот за систематизација на Службата на Собранието, дали е побарано да се зајакне секторот и дали националната структура на вработените го рефлектира етничкиот карактер на државата.

Националниот совет за евроинтеграции со консензус го усвои Извештајот за работата на Советот за периодот од 1 септември 2011 до 31 декември 2011 година.

Седницата на Советот заврши во 12.10 часот.

Составен дел на овој записник е и списокот на присутни членови и претставници на Советот и нивни заменици.

бр: 30-2594/1
26.06.2013

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Радмила Шекеринска**

Република Македонија – Собрание на Република Македонија – Скопје

Раководител на Сектор за
поддршка на Националниот совет
за евроинтеграции,
Даниела Велковска

Подготвил: И.Коробар
Контролирал И.Коробар
Одобрил: Д.Велковска